# "Златна бубамара на популарноста" во Универзална



Фото: Д.Перковски

*Зорица Поп-Панкова, Верица Ристевска и Даниела Панчетовиќ ќе ја добијат наградата "Златна бубамара на популарноста" за животно дело.- Преклани, со кам-бек на фестивалот "Охрид фест", со новата песна "Песната е ангелот"*

Зорица Поп-Панкова, Верица Ристевска и Даниела Панчетовиќ ќе ја добијат наградата "Златна бубамара на популарноста" за животно дело, вечерва во 20 часот, во Универзалната сала. Манифестацијата, токму за прославата на полнолетството, за 18. издание, ги избра трите дами, кои испеаја многу евергрини, за најпрестижната награда.

"Овој убав и свечен миг ќе нé одведе во носталгичен музички времеплов од среќните и безгрижни 70-ти години, кога трите диви, и заедно и со соло-кариера, ги пееја големите хитови на македонската забавна музика. Дел од нив се 'Дископар', 'Има еден галеб тажен', 'Ми подаваш рака', 'Ти си песна што ќе трае'", велат од радиото "Бубамара", организаторот на манифестацијата.

"Оваа година шоуто ќе се одржи со препорака за вистински лек: насмевка и здрава храна. Затоа да ги следиме препораките и да не мрсиме многу, многу", додаваат од "Бубамара".

Осумнаесеттото издание ќе се одржи под мотото "Смеете да се смеете". Водител ќе биде Сашко Коцев.

Снимка од годинашнава "Златна бубамара" ќе се емитува в недела, од 20 часот, на телевизијата "Канал 5".

***(М.Ц.)***

## Сања Петковска и "Болеро" заминаа за Австралија

Фолк-пејачката Сања Петковска, заедно со групата "Болеро", утрово замина на турнеја во Австралија. Ова и́ е прва турнеја на Сања во Австралија и, како што вели, многу е возбудена што ќе има можност да се забавува со нашинците таму.



"Одамна чекав да ме поканат и, ете, се случи. Подготвив репертоар каков што сакаат тие и мислам дека заеднички ќе направиме луди журки. Подготвив три куфери гардероба, но потоа ме премислија поради ограничената тежина на багажот во авион и морав да намалам. Среќа што нема да носам многу гардероба со себе, бидејќи таму сé уште е лето", вели Сања.

Турнејата на Сања и "Болеро" ќе трае еден месец и ќе опфати девет концерти, од кои четири во Мелбурн и по еден во Сиднеј, Перт, Волонгог, Камбера и во Бризбејн. Организатор на турнејата е агенцијата "Република Австралија", преку која заминуваат поголемиот дел од нашите пејачи на турнеја преку барата.

***(В.М.)***

# "Златна мравка" за најдобрите Албанци во Македонија

На седми март, по трет пат ќе се одржи манифестацијата "Златна мравка", на која ќе се изберат најдобрите настани и лица кои оставиле белег во општествениот и во културниот живот на Албанците во Македонија. Веќе се објавени номинациите за достигнувањата во 2014 година, кои се поделени во девет области и има повеќе од 40 номинации.

"Гласањето ќе биде отворено до 28 февруари и може да се гласа на нашата Фејсбук-страница https://www.facebook.com/milingona, велат организаторите Блета Абдулаи и Лаура Жута.

Ќе се доделуваат награди за достигнувања на институциите со влијание во културата, музиката, визуелната уметност, спортот, изведувачката и сценската уметност, класичната музика, медиумите, ќе се избираат талент на годината, научни публикации, книжевност и публицистика. ***(В.М.)***



*Номинирана во категорија достигнување во музиката- Туна*